**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-3651/**

# З А П И С Н И К

**Од 220.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 14.06.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац - Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија – Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски(скајп),Ивана Трајковска(скајп), Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска (скајп) и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
/

Седницата почна во 14.00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 219.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Информации по Заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 219.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 219.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 219.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 219.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2: Разгледување на Информации по Заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.**
По однос на оваа точка разгледани беа две Информации по Заклучоците на Програмскиот совет на МРТ:
-Информација по Заклучок со бр.03-2913/7 од 14.06.2023 година и
-Информација по Заклучок со бр.03-3153/7 од 14.06.2023 година.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац објасни дека со првиот Заклучок е доставена до членовите на Програмскиот совет на МРТ Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со бр.03-2156/1 од 13.03.2023 година, со која постапката по предметот оформен врз пријава од старна на МРТ се отфрла.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац објасни дека со вториот Заклучок се доставени сите Одлуки за избор на програмски содржини по јавните повици за 2023 година од Комисиите за избор на програма во МТВ.

По расправата по однос на оваа точка беше предложен следниов **Заклучок:**
● Програмскиот совет на МРТ ја разгледа Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со бр.03-2156/1 од 13.03.2023 година и ја задолжува Комисијата за утврдување на одговорност и Менаџментот во МРТ да продолжат и докрај да ја довршат целокупната постапка, со крајна цел изготвување и донесување на Правилник за трајно регулирање на ваквите злоупотреби кои беа констатирани.
-По спроведеното гласање Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледана Одлука за избор на програмски содржини пристигната до Програмскиот совет по пошта:
-Одлука за избор на програмски содржини со бр.02-3345/1 од 06.06.2023 година и Предлог до Одговорниот уредник на Прв програмски сервис на МТВ да се склучи договор со надворешна продукција за 78 политичко-информативни емисии-„360 степени“, (39 магазиснки и 39 дебатни за 1 година, односно 234 емисии за три сезони), како и со Рифенштал ДОО за откуп на ТВ серија за тинејџери-„Тинејџерски камп“.

Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија по однос на Одлуката која беше разгледана истакна дека е тенденциозно да се склучи договор со надворешна продукција за 78 политичко-информативни емисии- „360 степени“, (39 магазиснки и 39 дебатни за 1 година, односно 234 емисии за три сезони), а МРТ има своја и надворешна редакција и политичко-информативна со свои редовно вработени новинари.
Програмскиот совет на МРТ мора да го рзгледа Договорот за копродукција кој ќе биде потпишан однапред за три сезони

По расправата по однос на оваа точка беше предложен следниов **Заклучок:**

● Програмскиот совет на МРТ ја разгледа Одлуката за избор на програмски содржини со бр.02-3345/1 од 06.06.2023 година и ја задолжува Комисијата за избор на програмски содржини во состав:Сања Орушева,Јасмина Никова,Мустафа Адеми,Тони Стојановски и Горан Цветковиќ, да достави Информација дали комисијата е составена, дали имале седница на која одлучиле за ваквиот избор и дали освен овие два проекти што се избрани имало пристигнато и други пријави по јавниот повик кои не се избрани, и доколку е склучен Програмскиот совет на МРТ бара и копија од Договорот за копродукција со Друштвото за аудио и видео продукција „360 степени“.

-По спроведеното гласање Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател